Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Врз основа на член 31 став (2) точка 24), а во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18,1 40/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), член 58 од Деловникот на Државната изборна комисија 01-2772/1 од 30.12.2022 година, Државната изборна комисија на 158-мата седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## -за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборен процес-

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за определување на висината на надоместокот за извршената работа во процесот на подготовката и спроведувањето на изборен процес, кои траат од денот на донесувањето на Решението за нивно распишување донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, од кога започнуваат да течат роковите за спроведување на изборните дејствија, до завршување на сите дејствија од спроведениот изборен процес.

### Член 2

Право на надоместок (во понатамошниот текст: Надоместок) за извршена работа во подготовката и спроведувањето на изборниот процес имаат:

1. Изборните органи:
- Претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на општинските изборни комисии и
- Секретарите и нивните заменици на општинските изборни комисии;
- Претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори.

2. Изборната администрација:
- Вработените во стручната служба на Државната изборна комисија,
- Ангажирани лица во помошните тела на Државната изборна комисија,
- Други лица времено ангажирани за изборен процес по налог на Државната изборна комисија.

### Член 3

Критериумите за определување на висината на надоместокот за извршената работа во подготовката и спроведувањето на изборниот процес на претседателот, членовите, секретарот и нивните заменици во општинските изборни комисии е:

- бројот на избирачки одбори во надлежност на изборниот орган;

-временскиот период на извршување на работните обврски.

**Член 4**

Врз основа на критериумите од членот 3 од овој Правилник, а во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик на општинските изборни комисии, кои во своја надлежност имаат до 30 избирачки одбори им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 50.000,00 денари;
- на заменикот претседател на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 42.000,00 денари;
- на секретарот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 40.000,00 денари,
- на членот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 33.000,00 денари,
- на заменикот член на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 26.000,00 денари,
- на заменикот секретар на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 20.000,00 денари.

Надоместокот од став (1) на овој член се определува и на претседателот, членовите, секретарите и нивните заменици во Изборната комисија на град Скопје, за преземени работни активности за организација и спроведување на локални избори.

**Член 5**

На општинските изборни комисии, кои во своја надлежност имаат од 31 до 70 избирачки одбори им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 61.000,00 денари;
- на заменикот претседател на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 52.000,00 денари;
- на секретарот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 50.000,00 денари,
- на членот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 44.000,00 денари,
- на заменикот член на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 35.000,00 денари и
- на заменикот секретар на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 25.000,00 денари.

**Член 6**

На општинските изборни комисии, кои во своја надлежност имаат од 71 до 100 избирачки одбори им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 72.000,00 денари;
- на заменикот претседател на општинската изборна комисија му се определува

надоместок во висина најмногу до 65.000,00 денари;

- на секретарот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 62.000,00 денари,
- на членот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 59.000,00 денари,
- на заменикот член на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 44.000,00 денари и
- на заменикот секретар на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 31.000,00 денари.

**Член 7**

На општинските изборни комисии, кои во своја надлежност имаат од 101 до 140 избирачки одбори им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 90.000,00 денари;
- на заменикот претседател на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 83.000,00 денари;
- на секретарот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 80.000,00 денари,
- на членот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 75.000,00 денари,
- на заменикот член на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 60.000,00 денари и
- на заменикот секретар на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 40.000,00 денари.

**Член 8**

На општинските изборни комисии, кои во своја надлежност имаат над 141 избирачки одбори им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 100.000,00 денари;
- на заменикот претседател на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 93.000,00 денари;
- на секретарот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 90.000,00 денари,
- на членот на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 85.000,00 денари,
- на заменикот член на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 70.000,00 денари и
- на заменикот секретар на општинската изборна комисија му се определува надоместок во висина најмногу до 50.000,00 денари.

Член 9

За спроведена постапка на гласање во втор изборен круг, надоместокот на претседателот, потпретседателот, членовите, заменик членовите, секретарите и заменик секретарите на Општинската изборна комисија определен во членовите 4, 5, 6, 7 и 8 од овој правилник се зголемува за 25%.

Член 10

Во постапката за организација на локални избори на претседателот, потпретседателот, членовите, заменик членовите, секретарите и заменик секретарите на општинксната изборна комисија и Изборната комисија на град Скопје им се определува дополнителен надоместок за постапување по поднесени кандидатски листи и тоа:

| Број на поднесени кандидатски листи: | Износ на дополнителен надоместок: |
|---|---|
| до 5 (пет) кандидатски листи | 2.500,00 денари |
| од 6 (шест) до 10 (десет) кандидатски листи | 5.000,00 денари |
| од 11 (единесет) до 18 (осумнаесет) кандидатски листи | 7.500,00 денари |
| над 19 (деветнаесет) кандидатски листи | 10.000,00 денари |

Бројот на кандидатските листи се утврдува по назив на подносители на кандидатски листи, независно дали подносителот поднел кандидатска листа само за избор на градоначалник на општината или градот Скопје или само за членови на советот на општината или градот Скопје.

Член 11

При спроведувањето на локални избори, доколку општинската изборна комисија во која што не се спроведува втор изборен круг, а истата согласно член 113 став (1) од Изборниот законик треба да организира и спроведе гласање во објект на територијата на општината за избирачи кои што се на издржување казна затвор, избирачи кои се со статус на внатрешно-раселени лица или пак избирачи кои се пријавени за гласање во установи за вонсемејно згрижување, надоместокот определен во членовите 4, 5, 6, 7 и 8 од овој правилник на претседателот, потпретседателот, членовите, заменик членовите, секретарите и заменик секретарите кои учествувале во постапката за организација на изборите им се зголемува за 3.000,00 денари.

Член 12

Општинските изборни комисии, по завршувањето на процесот, за спроведените избори, задолжително изготвуваат и доставуваат до Државната изборна комисија, извештај за целосниот ангажман.

По спроведените претседателски и парламентарни избори, општинската изборна комисија, извештајот за целосниот ангажман, го доставува до Државната изборна комисија, додека по спроведени локални избори општинската изборна комисија извештајот за целосниот ангажман го доставува до надлежната општина.

**Член 13**

Критериумот за определување на висината на надоместокот за извршената работа во подготовката и спроведувањето на гласањето за спроведувањето на изборниот процес, на претседателот, членовите и нивните заменици на избирачките одбори е:

-бројот на избирачи запишани во изводите од единствениот избирачки список за избирачките места во надлежност на избирачкиот одбор,

-учество во обука организирана од Државната изборна комисија и

-учество во работа на Избирачкиот одбор.

**Член 14**

Врз основа на критериумот од членот 13 од овој правилник, а во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик, на Избирачките одбори кои во своја надлежност имаат до 300 гласачи, за спроведувањето на гласањето им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина до 16.000,00 денари;
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина до 14.000,00 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина до 12.000,00 денари и
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина до 12.000,00 денари.

**Член 15**

Врз основа на критериумот од членот 13 од овој правилник, а во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик, на Избирачките одбори кои во своја надлежност имаат од 301 до 600 гласачи, за спроведувањето на гласањето им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина до 18.000,00 денари;
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина до 16.000,00 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина до 14.000,00 денари и
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина до 14.000,00 денари.

На претседателот, заменик претседателот и членовите на избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во Дипломатско конзуларните претставништва (ДКП) им се определува надоместок врз основа на став 1 од овој член.

**Член 16**

Врз основа на критериумот од членот 13 од овој Правилник, а во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик, на Избирачките одбори кои во своја надлежност имаат од 601 до 900 гласачи, за спроведувањето на гласањето им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина до 20.000,00 денари;
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина до 18.000,00 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина до 16.000,00 денари и
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина до 16.000,00 денари.

**Член 17**

Врз основа на критериумот од членот 13 од овој правилник, во врска со член 19 став (2) од Изборниот законик, на Избирачките одбори кои во своја надлежност имаат над 901 гласачи, за спроведувањето на гласањето им се определува следниот надоместок:

- на претседателот на ИО му се определува надоместок во висина до 22.000,00 денари;
- на заменикот претседател на ИО му се определува надоместок во висина до 20.000,00 денари;
- на членот на ИО му се определува надоместок во висина до 18.000,00 денари и
- на заменикот член на ИО му се определува надоместок во висина до 18.000,00 денари.

### Член 18

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори, кои согласно со член 113 став (1) од Изборниот законик спровеле гласање во казнено Поправните домови и гласање во домови за вонсемејно згрижување, а кое гласање се спроведува еден ден пред денот на одржување на изборите, им се определува дополнителен надоместок во висината од 50% од надоместок определен во членовите 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник.

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори кои што спровеле гласање на болни и немоќни лица согласно со член 111 од Изборниот законик, надоместокот предвиден во членовите 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник, им се зголемува за 20%.

Во случај на повторено гласање на избирачко место, избиричкиот одбор ќе му се определи надоместок во висина од 50% од надоместок определен во членовите 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник.

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори кои што не присуствувале на обуки организирани од Државната изборна комисија и кои се задолжителни, надоместок определен во членовите од 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник им се намалува за 30%.

На претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори кои што не учествувале во работата на Избирачкиот одбор не им се исплаќа надоместок.

Доколку на избирачки одбор од една општина со одлука на Државната изборна комисија му е делегирана обврска за спроведување на гласање на избирачко место во друга општина, за извршените работни обврски на избирачкиот одбор дополнително му се исплаќа и надоместокот предвиден во член 17 од овој правилник.

### Член 19

При спроведување на парламентарни избори, при спроведување на претседателски избори во случај кога претседателот на државата е избран во прв изборен круг и при спроведување на локалните избори кога градоначалникот на општината е избран во прв изборен круг, на претседателите, нивните заменици, членовите и нивните заменици на избирачките одбори им се определува надоместок во висина од 70% од надоместокот определен во членовите од 14, 15, 16 и 17 од овој Правилник.

### Член 20

Кога заменикот претседател, заменикот член односно заменикот секретар на општинската изборна комисија, односно избирачкиот одбор цело време работел наместо претседателот, членот односно секретарот, надоместокот предвиден за заменикот не се исплаќа, туку на заменикот му се исплаќа надоместокот предвиден за претседателот, членот односно секретарот, а на претседателот, членот односно секретарот не му следи и не му се исплаќа надоместок.

**Член 21**

На избирачките одбори, каде гласањето е поништено, надоместок за претседателот, членовите и нивните заменици на тие избирачки одбори не се исплаќа.

**Член 22**

На лицата ангажирани од страна на ДИК за техничка подршка на изборните органи согласно со член 108-а став 12, надоместокот изнесува 7.500,00 денари за ден на избори.

**Член 23**

На членот на изборниот орган, по доставени податоци од Општинската изборна комисија, со одлука на Државната изборна комисија му се определува единствен износ на надоместокот за извршената работа за текот на подготовката и спроведувањето на претседателски и парламентарни избори.

На членот на изборниот орган, по доставени податоци од Општинската изборна комисија со одлука на надлежната општина му се определува единствен износ на надоместокот за извршената работа за текот на подготовката и спроведувањето на локалните избори.

Надоместокот се исплаќа на личната трансакциска сметка на членот на изборниот орган, во согласност со овој Правилник и позитивните законски прописи.

**Член 24**

Државната изборна комисија, надоместокот за изборната администрација и лицата ангажирани во помошните тела, го определува во висина најмногу до утврдената просечна месечна плата за месец во кој изборниот процес е распишан со одлука на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, објавена од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, за секој месец поминат во изборниот процес, односно од моментот на распишување на изборите до моментот на престанокот на работниот ангажман на лицето.

За деновите кога лицето не е работно ангажирано, односно кога не било на работа не се пресметува надоместок.

**Член 25**

Надоместокот за вработените во Државната изборна комисија ќе се утврдува и пресметува за секое лице поединечно според:

-обемот и сложеноста на работните задачи;

-дополнителниот придонес во извршувањето на специфични работи и работни задачи;

-успешност, ефикасност, менаџирање и управување во процесот;

-учество во специфични постапки за јавна набавка и набавки од голема вредност;

-учество во реализација на склучени договори;

-извршување на задачи и активности во ноќни часови (ноќна работа) поради итност на при извршување на законски дејствија;

-извршување на задачи и активности кои не се предвидени во актот за систематизација на работното место на вработеното лице.

При определувањето на надоместокот за стручната служба, Државната изборна комисија ќе го има предвид и исплатениот надоместок по основ на прекувремена работа за периодот од моментот на распишување на изборите до моментот на престанокот на работниот ангажман на лицето, со цел да не се исплаќа двоен надоместок за ист работен ангажман.

Надоместокот на ангажираните лица во помошните тела на стручната служба на Државната изборна комисија, ќе се утврдува и пресметува за секое лице поединечно, според поединечниот извештај за работен ангажман, како и според извештајот изготвен од координаторот на работната група определен од Државната изборна комисија за ангажираните лица на кои им е определен координатор.

**Член 26**

За вработените во Државната изборна комисија и за помошните тела ангажирани од Државната изборна комисија, се определува единствен износ на надоместок за извршената работа за текот на подготовката и спроведувањето на изборниот процес, согласно член 24 и 25 од овој Правилник.

Надоместокот од ставовот 1 од овој член, се исплаќа на личната трансакциска сметка.

**Член 27**

Исклучок од членот 24 на овој Правилник се следните категории, ангажирани во помошните тела на Државната изборна комисија и лица ангажирани по налог на Државната изборна комисија:

1. Лица ангажирани од и во Државниот завод за статистика и тоа:
   - за работи за навремена техничко – методолошка обработка на Избирачкиот список,
   - за контрола при печатење на изводите и посебните изводи од Избирачкиот список,
   - за дежурство на денот на гласањето,
   - за поддршка на ДИК на денот на гласањето и
   - за внесување и пренос на изборни податоци од општинските изборни комисии и за техничка поддршка за вршење на случајниот избор;
2. Лица ангажирани за вршење на работи за одржување на хигиена;
3. Лица ангажирани за вршење на работи за угостителски услуги;
4. Лица ангажирани за вршење на работи на компјутерска безбедност, реинсталација и мрежи;
5. Лица ангажирани во магацинот на Државната изборна комисија во Скопје;
6. Ангажираните лица како помошни тела во подрачните одделенија и канцелариите на Државната изборна комисија;
7. Лица ангажирани од Министерството за внатрешни работи во просториите на Државната изборна комисија.

**Член 28**

За лицата ангажирани во категориите дефинирани во член 27 од овој Правилник, се определува единствен фиксен износ за спроведување на изборен процес, на следниот начин:

1. За лица ангажирани од и во Државниот завод за статистика, исплатата на надоместоците се врши по основ на секој поединечен работен ангажман или за секоја одделна работна позиција кои се извршувани, на секое лице посебно и тоа за:
   - за работи за навремена техничко – методолошка обработка на Избирачкиот список – 40.000,00 денари за спроведен изборен процес.
   - за контрола при печатење на изводите и посебните изводи од Избирачкиот список – 30.000,00 денари за спроведен изборен процес.
   - за дежурство на деновите определни за гласање – вкупно 25.000,00 денари за спроведен изборен процес.
   - за поддршка на ДИК на денот на гласањето – по 10.000,00 денари за денот на избори и
   - за внесување и пренос на изборни податоци од општинските изборни комисии и за техничка поддршка за вршење на случајниот избор – по 10.000,00 денари за денот на избори, односно по 3.000 денари за денот на избори за лица кои се резерва;
2. Лица ангажирани за вршење на работи за одржување на хигиена – до 60.000,00 денари;
3. Лица ангажирани за вршење на работи за угостителски услуги – 30.000,00 денари;
4. Лица ангажирани за вршење на работи на компјутерска безбедност, реинсталација и мрежи – 50.000,00 денари, во согласност со доставениот извештај;
5. Лица ангажирани во магацинот на Државната изборна комисија во Скопје износ на ефективна саатнина од 300,00 – денари на час;
6. На ангажираните помошни тела во подрачните одделенија и канцелариите на Државната изборна комисија им се определува вкупен износ за ангажманот во износ до 68.000,00 денари, за работен ангажман до 45 (четириесет и пет дена) согласно одлуката на Државната изборна комисија и
7. На лица ангажирани од Министерството за внатрешни работи за обезбедување на просториите на Државната изборна комисија, им се определува надоместок во износ од по 45.000,00 денари за целокупниот ангажман.

**Член 29**

На лицата од членот 24 и 27 од овој Правилник, со одлука на Државната изборна комисија им се определува единствен износ на надоместокот за извршената работа за текот на подготовката и спроведувањето на изборен процес.

Одлуката за надоместокот од став еден на овој член, Државната изборна комисија ќе ја донесе по објавувањето на конечните резултати од изборите.

Надоместокот ќе се исплати на личната трансакциска сметка, во согласност со овој Правилник и Позитивните законски прописи.

**Член 30**

Надоместокот на лицата кои се ангажирани како едукатори на членовите на изборните органи изнесува 2.200,00 денари од одржана обука и дополнително по 600,00 денари на ден за храна.

**Член 31**

Членовите на изборните органи и изборната администрација, по завршувањето на изборите, односно по завршување на нивниот ангажман, задолжително изготвуваат и доставуваат до Државната изборна комисија извештаи за работа, во кој е наведено:

- описот на работите и задачите, чие извршување им е доверено и
- одговорноста, видот, сложеноста и обемот на работите во чие извршување е ангажирано лицето;

За вработените во Државната изборна комисија во извештајот посебно се наведуваат работните задачи кои се извршени согласно актот за систематизација и извршените работни задачи кои не се предвидени во систематизацијата на работното место.

Секој поединечен извештај од став еден на овој член, го потврдува непосредно надлежниот раководен административен службеник.

**Член 32**

Надоместокот пресметан и исплатен согласно одредбите од овој правилник не може да надмине износ поголем од четири просечни месечни плати, исплатена во месецот на носење на одлуката за распишување на изборниот процес донесена од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, објавена од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

**Член 33**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Овој Правилник се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија.

Број 08-4741/1
14.11. 2025 година
С К О П Ј Е

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Борис Кондарко

Изработил: Ивана Костадиноска